**20151434049**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАЦИОНАЛНА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Се прогласува Законот за национална база на податоци за лица со инвалидност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 август 2015 година.

Бр. 08-3634/1
21 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА НАЦИОНАЛНА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

Член 1

Со овој закон се уредуваат воспоставувањето и функционирањето на националната база на податоци за лица со инвалидност, обработка на податоците во базата, користењето на податоците во базата, безбедноста на податоците и надзорот над функционирање на базата.

### Значење на изразите

Член 2

(1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Податоци“** се лични податоци, информации што се однесуваат на утврдена инвалидност на лица врз основа на која остваруваат права од пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување, социјална заштита, заштита на правата на децата и боречко – инвалидска заштита, како и податоци за вработени и невработени лица со инвалидност.
2. Невистинит податок е кој било нецелосен, неправилен, неточен или некорегиран податок.

3. **„Инвалидност“** опфаќа:

- општа, професионална неспособност за работа, неспособност за самостоен живот и работа, намалена работна способност, загубена работна спсобност, телесно оштетување според прописите од пензиско и инвалидско осигурување;
- оштетување на вид, оштетување на слух, пречки во гласот, говорот и јазикот, телесно оштетување, пречки во интелектуалниот развој, комбинирани пречки во развојот, пречки во менталниот и физичкиот развој и комбинирани пречки до 26 години, според прописите од социјална заштита, прописите за вработувања на инвалидни лица и заштита на децата и
- оштетување на организмот според прописите за цивилна инвалиднина, воена инвалиднина и прописите за припадници на безбедносните сили на Република Македонија.

4.**„Обработка на податоци“** е секоја операција или збир на операции што се изведуваат врз податоци, на автоматски или друг начин, како што е внесување, меморирање, организирање, менување, ажурирање, пребарување, анализирање, користење, чување, откривање, давање на користење, пренесување, преземање, разменување, повлекување, блокирање, бришење и уништување.

5.**„Администрирање на базата“** е збир на мерки и активности за одржување на интегритетот на податоците во базата, обезбедување соодветно ниво на заштита и достапност на податоците, одржување, надгледување и заштита на системот за обработка на податоци, одржување, надгледување и заштита на мрежата за давање на користење податоци, дизајнирање и надгледување на перформансите на базата и спроведување на стандарди за употреба и безбедност на базата и

6.**„Надлежни органи**“ се органи коишто согласно со закон се надлежни да обработуваат и даваат на користење податоци.

(2) Изразите што се употребуваат во овој закон, чие значење не е дефинирано во ставот (1) на овој член, имаат значење утврдено со друг закон.

## II. ВОСТАНОВУВАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА ИНВАЛИДНОСТ

### Востановување

Член 3

Во Управата за електронско здравство се востановува Национална база на податоци за лица со инвалидност (во натамошниот текст: Базата), во рамките на интегрираниот здравствен информатички систем.

### Функција на Базата

Член 4

Базата претставува дел од интегрираниот здравствен информатички систем која овозможува обработка и давање на користење податоци меѓу надлежните органи, со цел воспоставување на единствена евиденција на податоците и остварување на правата по основ на инвалидност согласно со закон.

### Содржина на Базата

Член 5

(1) Базата содржи податоци за лица кај кои е утврдена инвалидност врз основа на што оствариле или може да остварат право согласно закон и тоа од:

1. пензиско и инвалидско осигурување,

2. здравствено осигурување,
3. социјална заштита,
4. заштита на децата,
5. вработување на инвалидни лица и
6. боречко- инвалидска заштита и цивилна инвалиднина.

(2) Во согласност со ставот (1) на овој член, Базата ги содржи следниве лични податоци:

1. единствен матичен број на граѓанинот;
2. дијагнози на болест според Меѓународна класификација на болести МКБ-10, која довела до инвалидност;
3. вид на право остварено врз основа на утврдена инвалидност;
4. датум на стекнување и престанок на правото и
5. датум за контрола на инвалидноста.

(3) Во согласност со ставот (1) точка 1 на овој член, Базата ги содржи и следниве податоци:

1. остварено право на времена или трајна инвалидска пензија;
2. право на промена на работно место;
3. право на скратено работно време;
4. право на преквалификација или доквалификација и
5. право на паричен надоместок за телесно оштетување.

(4) Во согласност со ставот (1) точка 2 на овој член, Базата ги содржи и следниве податоци:

1.право на привремена спреченост за работа поради нега на член на семејство, негување на дете до три годишна возраст, негување на болен член на потесно семејство над три годишна возраст, но најмногу до 30 дена;
2.право на привремена спреченост од работа поради лекување или медицинско испитување;
3. право на привремена спреченост од работа поради повреда на работа и
4. право на ортопедски и други помагала, помошни и санитетски справи по видови.

(5) Во согласност со ставот (1) точка 3 на овој член, Базата ги содржи и податоците за правата од социјална заштита, и тоа:

1. право на паричен надоместок за помош и нега од друго лице;
2. право на додаток за слепило и мобилност;
3. право на додаток за глувост;
4. право на надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот;
5. право на постојана парична помош на лице неспособно за работа и
6. права на парична помош од социјална заштита согласно прописите за социјална заштита.

(6) Во согласност со ставот (1) точка 4 на овој член, Базата ги содржи и следниве податоци:

1. право на посебен додаток и
2. права согласно прописите за заштита на деца.

(7) Во согласност со ставот (1) точка 5 на овој член, Базата ги содржи и следниве податоци:

1. право на вработување на инвалидно лице во заштитно трговско друштво или отворениот пазар на труд и
2. степен на образование.

(8) Во согласност со ставот (1) точка 6 на овој член, Базата ги содржи и следниве податоци:

1. право на цивилна инвалиднина;
2. право на воена инвалиднина и
3. паричен надоместок за помош и нега на друго лице.

(9) Базата содржи податоци и за ризично родените деца кои ги открива и пријавува здравствена установа (породилиште, развојно советувалиште, превентивна здравствена заштита во здравствените домови и други установи од примарна заштита), за лица со утврден инвалидитет во период на рано детство, податоци за лицата заболени од ретки и хронични болести, како и податоци за ученици со посебни образовни потреби кои се школуваат во општинските и државните основни и средни училишта.

**Надлежни органи за обработка на податоци од Базата**

Член 6

Обработка на податоци од Базата вршат следниве надлежни органи:
1. Управа за електронско здравство;
2. Министерството за труд и социјална политика;
3. Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
4. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија;
5. Агенцијата за вработување на Република Македонија и
6. Јавните здравствени установи.

**Надлежни органи за давање на користење податоци**

Член 7

Давање на користење податоци преку Базата вршат следниве надлежни органи:
1. Управа за електронско здравство;
2. Министерството за труд и социјална политика;
3. Министерство за образование и наука;
4. Фондот за здравствено осигурување на Македонија;
5. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,
6. Агенцијата за вработување на Република Македонија ;
7. Центрите за социјална работа;
8. Институт за јавно здравје и здравствените установи од член 5 став (9) од овој закон.

**Обработка на лични податоци**

Член 8

(1) Личните податоци што се внесуваат во Базата можат да се обработуваат согласно со целите утврдени со овој закон и во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Личните податоци кои се вклучени во процесите на обработување и давање на користење податоци веднаш се бришат во случаите кога ќе се утврди дека не се точни или престанале причините, односно условите поради кои личниот податок е вклучен во тие процеси.

(3) Личните податоци содржани во Базата од нивното внесување, се до нивното бришење смеат да се даваат под услови и на начин утврдени со овој закон и со прописите за заштита на личните податоци.

**Комисија за управување со Базата**

Член 9

(1) Заради обезбедување обработка на податоци и исполнување на стандарди за безбедност на Базата согласно со закон, како и за постигнување ефикасна координација меѓу надлежните органи се формира Комисија за управување со Базата (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Членовите на комисијата од ставот (1) на овој член ги назначува Владата на Република Македонија за период од четири години.

(3) Комисијата е составена од девет члена и тоа два члена на Министерството за труд и социјална политика, два члена од Управата за електронско здравство и по еден член од Министерство за образование и наука, Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, Агенцијата за вработување на Република Македонија и Дирекцијата за заштита на личните податоци.

(4) Претседателот на Комисијата се избира од редот на членовите на Комисијата од ставот (2) на овој член за период од две години.

**Работи кои ги врши Комисијата**

Член 10

(1) Комисијата ги врши следниве работи:

1) дава предлог за доделување и одземање на правото на пристап, како и за нивото на пристап до Базата на лицата вработени во надлежните органи;

2) врши безбедносно администрирање на Базата кое се однесува на управувањето со средствата, физичката безбедност и безбедносните функции за човечките ресурси;

3) донесува процедури и стандарди за обезбедување тајност и заштита на податоците содржани во Базата и врши проверка за нивно спроведување;

4) доставува информации до надлежните органи за безбедно функционирање на Базата;

5) ги координира активностите на надлежните органи во врска со обработката на податоците од Базата;

6) се грижи за примена на одредбите на овој закон и подзаконските прописи предвидени со овој закон и

7) врши други работи утврдени со овој закон.

(2) Комисијата за својата работа донесува деловник.

(3) Административно-техничките работи на Комисијата ги врши Министерството за труд и социјална политика.

(4) Комисијата еднаш годишно доставува извештај за својата работа до Владата на Република Македонија заради информирање.

**Администрирање на Базата**

Член 11

(1) Во Управата за електронско здравство се формира Тим за администрирање на Базата (во натамошниот текст: Тимот).

(2) Тимот е составен од лица вработени во Управата за електронско здравство, и тоа координатор, заменик-координатор и членови.

(3) Надлежните органи се должни да определат овластено лице за администрирање на базите на податоци што надлежните органи ги водат согласно со закон, со цел за успешно функционирање на Базата.

## III. ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ВО БАЗАТА

### Пристап до Базата

Член 12

(1) На лицата вработени во надлежните органи може да им биде доделен пристап до Базата, доколку работат на работни места за кои е утврдена конкретна потреба за користење на податоците од Базата според актот за систематизација на работните места во тој орган.

(2) На лицата од ставот (1) на овој член им се одзема пристапот, доколку:

1. повеќе не работат на работни места за кои е утврдена конкретна потреба за користење на податоците од Базата;

2. неовластено ги користат податоците од Базата и

3. не ги применуваат стандардите за безбедност на Базата.

(3) Начинот на доделување на пристапот, нивоата на пристапот, времетраењето на пристапот и начинот на постапката за утврдување на престанување и за одземање на пристапот, ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за здравство.

### Одговорност за обработка на податоци

Член 13

(1) Надлежните органи од членот 7 од овој закон се одговорни за обработка на податоците во Базата и за нивната вистинитост и автентичност.

(2) Лицата вработени во надлежните органи се должни, во најкраток можен рок, да ги ажурираат податоците во Базата.

(3) Доколку надлежниот орган утврди невистинитост на одредени податоци што се внесени во Базата од негова страна, веднаш за тоа го известува Тимот и пристапува кон бришење на податоците.

(4) Само надлежниот орган што ги внел податоците може да ги менува, брише и уништува невистинитите податоци.

(5) Во случај кога надлежните органи во Базата внеле различни податоци за исто лице, ќе се консултираат меѓусебно за да се утврди кои податоци се невистинити.

(6) Доколку надлежните органи преку меѓусебни консултации не можат да утврдат кои податоци се невистинити, за тоа одлучува Комисијата.

(7) Надлежните органи задолжително соработуваат со Тимот кога се утврдува постоење на потреба од менување, односно од бришење и уништување на податоци од Базата.

### Начин на обработка и рокови на чување

Член 14

(1) Податоците се чуваат трајно и во електронска форма во Базата.

(2) Начинот на обработка и чување на податоците во Базата, ги пропишува министерот за труд и социјална политика во согласност со министерот за здравство.

### Обврска за чување на тајноста на податоците

Член 15

Лицата вработени во надлежните органи на кои им е доделен пристап до Базата се должни да ја чуваат тајноста на податоците до кои дошле во својата работа, како за време на нивниот работен однос во надлежните органи, така и по неговото завршување, а кои претставуваат лични податоци согласно со закон.

## IV. БЕЗБЕДНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ВО БАЗАТА

### Безбедност на податоците во Базата

Член 16

(1) Надлежните органи се должни согласно со закон да ги преземат сите неопходни технички и организациски мерки за да обезбедат заштита, односно безбедност на податоците кои ги обработуваат во Базата, како и мерките од ставот (2) точки 1), 2), 6) и 7) на овој член.

(2) Тимот презема соодветни технички и организациски мерки за безбедност на податоците во Базата, особено со цел за:

1) одбивање пристап на неовластени лица до опремата за обработка на податоците;

2) спречување на неовластена обработка на податоци;

3) управување со процесот на заштита на податоците;

4) прегледување и откривање на записите за сите извршени операции во системот за обработка на податоци;

5) обезбедување на резервни копии (backup) на податоците со цел за обновување на податоците (recovery) во случај на блокирање (испад) или неправилно функционирање на системот;

6) обезбедување на правилно функционирање на Базата во случај на промена на системите за обработка на податоци и

7) спроведување на безбедносната документација донесена од Комисијата.

## V. НАДЗОР

### Надзор

Член 17

(1) Министерството за труд и социјална политика врши надзор над спроведувањето на овој закон.

(2) Дирекцијата за заштита на личните податоци врши надзор над обработката на личните податоци и нивната заштита, согласно со закон.

## VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

### Неовластена обработка на податоци

Член 18

Доколку лицата вработени во надлежните органи прибавиле имотна корист, предизвикале имотна штета или оштетиле друго лице, ќе се казнат со казна затвор од шест месеци до една година.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 19

(1) Комисијата од членот 10 од овој закон ќе се формира во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Тимот од членот 11 на овој закон ќе се формира во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Базата ќе започне со работа во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 20

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 21

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јули 2016 година.